ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

**СООПШТЕНИЕ**
**ОКТА објавува конкурс за практикантска работа во соработка со Американ Колеџ – Скопје**

Услови за аплицирање:

1. Студентот да биде 3-та или 4-та година на студии од прв циклус или студент од втор циклус студии.
2. Студентот да има средно - високо познавање на англиски јазик.
3. Студентот да има познавање на компјутерски вештини - Microsoft Office.

Времетраење на пракса:
Практикантот ќе биде континуирано присутен на платена пракса во ОКТА АД – Скопје, извршувајќи задачи во ИТ сектор, во временски период од 3 месеци, со полно работно време. **Праксата ќе започне на 05.06.2023 година**.

Обврска на компанијата:

- да му обезбеди ментор на практикантот.
- да му обезбеди храна и превоз на практикантот за целото времетраење на праксата.
- да му издаде потврда за остварена пракса на студентот со потпис од овластено лице и печат од компанијата, заверена со архивски број.

Цели на праксата

- Очекувани цели од ангажманот се практикантот да стекне практични знаења и вештини, како и да се здобие со искуство од работа во корпоративна средина.
- Практикантот ќе биде под директно менторство на менаџерот во ИТ сектор, истовремено асистирајќи во повеќе сфери на работа.
- ИТ е сектор под дирекција за финансии и администрација, и ги опфаќа следниве активности – подршка на крајни корисници, инсталација на мрежна и копјутерска опрема, работа со бази на податоци. Практикантот ќе има директна можност за зголемување на своето знаење од аспект на напреден Microsoft Excel, напреден англиски јазик и деловна комуникација.

Сите кандидати е потребно да испратат CV и копии од документи и уверенија кои потврдуваат дека кандидатот ги исполнува условите, на следниот контакт okta_career@helpe.gr**.** При доставување на пријавата кандидатите да наведат за кој пракса аплицираат, Секторот Набава.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју, по што ќе се направи финален избор на кандидати и ќе се потпише Договор за соработка со избраниот кандидат.

**Огласот е отворен најдоцна до 23.05.2023 год.**